**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**
**СУ-29/24**
**11.01.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Согласно член 36 од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Р.С.Македонија бр.101/2019)**

**Основен суд Куманово, ул:„11-ти Октомври“ бб, тел.број 031 411-555, факс: 031 422-876, e-mail info@oskumanovo.mk**

Судија Снежана Манев - Претседател на Основен суд Куманово

Го подготви следниот:

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## Од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

**1.**Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации;

Мирјана Максимовска –судски советник

**2. Број на примени барања:** Во Основен суд Куманово, во текот на 2022 година, примени се 15 ( петнаесет) барања за пристап до информации од јавен карактер:

1. Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје, Барање податоци за број на активни предмети распоредени кај секој судија поединечно.

2. Здружение на граѓани - Центар за управување со промени Скопје, преставник Владимир Клековски - Барање на информација, број на судски постапки како отпочнати така и завршени по основ на дискриминација во период од 01.01.2020 година до 31.12.2022 година.

3. Сара Спасовска од Куманово, Барање на информации, за вкупен број на примени, завршени предмети во 2017, 2018, 2019, 2020 и 2021 година, за кривично дело Разбојништво од чл.237 од КЗ.

4. АД „МИА“ Куманово - Барање податоци, колку од правосилни пресуди за

кривични дела против полова слобода и половиот морал има во 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022, согласно март 2023 година се осудителни, ослободителни и одбивателни.

5. Хелсиншки комитет за човекови права Скопје - Барање податоци, колку пресуди за општо корисна работа, условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, за судска опомена, пресуди за куќен затвор, се изречени во 2021 и 2022 година, колку пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени во 2021 и 2022 година.

6. Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство - Барање податоци, дали е поведена судска постапка, под кој број е заведен кривичен предмет, кој постапува по истиот и во која фаза е моментално постапката, за кривично дело извршено од 33 годишен маж од с.Орланци Арачиново, со соизвршител Н.Н на 7-декември во семејна куќа во селото Отља Липково, каде насилно ја грабнале оштетената сопруга на осомничениот, со кој бил во бракоразводна парница.

7. Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации од Скопје - Барање податоци за буџетска ставка 480 - Купување на опрема и машини

8. Илија Јованов од Неготино - Барање податоци, вкупен број на предлози за отповикување на Условна осуда поради ново кривично дело (член 51) во 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 година, вкупен број на предлози за отповикување на Условна осуда поради ново кривично дело (член 53) во 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 година, вкупен број на предлози за отповикување на Условна осуда поради неисполнување на определени обврски, вкупен број предлози за отповикување на алтернативна мерка Условна осуда и на прифатени предлози за отповикување на алтеративна мерка Условна осуда во 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година.

9. Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје - Барање податоци за изречени мерки и тоа: забрана за напуштање на живеалиште, престојувалиште, обврска на обвинетиот да се јавува повремено на определено службено лице или кај надлежен државен орган, привремено одземање на патна или друга исправа за преминување на државна граница односно забрана за нејзино издавање, забрана за посетување на определено место или подрајче, забрана за приближување или воспоставување односно одржување контакти или врски со определени лица, забрана на преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривично дело, притвор, куќен притвор.

10. Адвокатска Комора на Република Северна Македонија - Барање податоци кои адвокати се ангажирани како бранители во кривична постапка (адвокати по службена должност) во Основен суд Куманово, за период на 2022 година и за период од 01.01.2023 година, со наведување на број на предмет по кој постапувале.

11. Стопанска Комора на Северно - Западна Македонија Скопје, - Барање податоци, за институции на подрајчето на Основен суд Куманово, на кои

Претседателот на Основен суд Куманово, има определено лимит за извршување за наплата на парични побарувања и колку тој лимит изнесува за секоја институција поединечно.

12. Здружение Хелсиншки комитет за човекови права Скопје - Барање податоци за колку предлози за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство и колку решенија се подесени во период од 2018-2021 година, колку тужби се поднесени и колку решенија се донесени кои се однесуваат на утврдување на повреда на принципот на должно внимание на државни институции во постапување во случаи на заштита на жртви на родово - базирано насилство и колку пресуди се донесени, колку тужби се поднесени и колку пресуди се донесени, за надомест на штета во случаи на родово базирано насилство, колку предлози за процесирање на кривични дела поврзани со родово базирано насилство се поднесени колку пресуди се донесени.

13. ТРД Алфа од Скопје - Барање податоци колку вкупно се изречени пресуди за Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста и Спречување службено лице во вршење службено дејствие од 01.01.2017 до 31.10.2023 година, каква била основата на пресудите, условна, казна затвор или ослободителна.

14. Милка Докузова од Куманово - Барање податоци колку правосилни пресуди се донесени по кривично дело Убивање и мачење животни по чл.233 од КЗ, во период од 01.01.2019 до 01.12.2023, во колку пресуди е донесена ослободителна пресуда, а ослободителна пресуда, колку постапки се водат во моментот по член 233 од КЗ.

15. Виљдане Аслан од Куманово - Барање податоци за договори за доживотна издршка во 2020 , 2021, 2022 година.

3.**Број на позитивно одговорени барања**; Позитивно се одговорени 15 барања,

4. **Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфлено барање.**

Не постојат одбиени ниту отфлени барања.

5.**Број на неодговорени барања**. Нема неодговорени барања.

6. **Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на иматели на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлика во случај на повторно одбивање на бараната информација)**

Нема вложени жалби

7. **Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата -** Нема усвоени жалби

8. **Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата-** Нема преиначени одлуки

9. **Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање-**
Нема одбиени жалби.

10. **Број на отфлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфлање-**
Нема отфлени жалби.

Куманово, 11.01.2024 година

Службено лице за посредување
Со информации од јавен карактер
При Основен суд Куманово
Судски соработник
Мирјана Максимовска

Претседател на Основен суд Куманово
Судија,
Снежана Манев